**Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје**

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

Во свечен амбиент, присутните студенти, гости и донатори ги поздрави Деканот на МФС проф. д-р Атанас Кочов и претседателот на Република Македонија проф. д-р Ѓорге Иванов, а потоа беа наградени најдобрите дипломирани студенти и најдобрите студенти по студиските години.

Најдобриот дипломиран студент Ангелоска Елеонора доби вредни награди: постдипломски студии од МФС, Инженерската Институција на Македонија и додели прстен, а Фондацијата Стамболиев на 24 мај ќе и ја додели традиционалната награда како најдобар студент на МФС.



## ТЕМПУС

На 17.02.2010 во Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј се одржа средба во рамките на Темпус проектот:145180-TEMPUS-2008-AT-SMHES "Креирање на капацитети за истражување и развој за зајакнување на соработката помеѓу високото образование и стопанството", помеѓу Австриските консултанти од Austin, Pock and Partners и WUS Austria и претставници на Ректоратот во состав: Ректорот проф. д-р Велимир Стојковски, проректорот за меѓународна соработка проф. д-р Моме Спасовски, проректорот за наука проф. д-р Коле Василевски, како и проф. д-р Виктор Стојмановски раководител на EUUCM. На средбата беше разговарано за стратегијата за основање на центарот за Поддршка на истражувањето и развојот на Универзитетот, при што двете страни се согласија околу главниот фокус на активности кои треба да бидат опфатени, како и начинот на управување на центарот.

## ПОСЕТА

На 16.02.2010 година Машинскиот Факултет го посети делегација од Агенцијата за странски инвестиции во Република Македонија со г-дин Крис Кастнер, менаџер за интернационални операции на компанијата Gilbarco Veeder-Root. Оваа американска компанија е дел од Danaher Corporation и е дел од Fortune 500 листата на најдобри компании. При посетата беа презентирани активностите на Факултетот, наставните програми и активностите на студентите како и можностите за поддршка на нивните идни инвестициски активности во земјава.

## ВАСИЛИЦА

На традиционалното вртење паричка по повод православниот верски празник Василица, паричката се падна во "куќа". Минатогодишната кума Горица Блажевска му честиташе на Деканот и му посака бериќет во "куќата".



## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец февруари 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Јован Гочев оствари службено патување во Славонски Брод, Р.Хрватска со цел присуство на приемот на опремата за потребите на хидроенергетскиот објект ХЕЦ"Треска".
2. Проф. д-р Зоран Пандилов оствари службено патување во Австрија и Словенија заради презентација на резултати од научно-истражувачки проект и воспоставување поблиска научно едукативна соработка.
3. Проф. д-р Атанас Кочов, проф. Добре Рунчев и проф. д-р Златко Петрески оствrouteрија службено патување во Србија заради присуство на свечената академија по повод одбележувањето на 50-дини работа на Машинскиот факултет во Ниш.
4. Доц. д-р Виктор Гаврилоски и пом.асс. Јована Јованова остварија службено патување во Ахен, Германија со цел учество на состанокот на раководството на Темпус проектот во кој учествуваат именованите.
5. Доц. д-р Дарко Данев реализира службено патување во Украина заради посета на фабрика за производство на автомобили како преставник на МФС во владината делегација на РМ и службено патување во Германија со цел учество на меѓународната конференција ЕУРЕКА.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**18.03.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**25.03.2010**
**18 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2009, февруари, број 88**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*
# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ПРОМОЦИЈА

На 29.01.2010, во Драмскиот театар се одржа промоција на дипломираните студенти на МФС во текот на 2009 година:

- 22 магистри (VII-2 степен)
- 1 магистар во втор циклус на студии
- 72 дипломирани машински инженери
- 7 машински инженери (VI-1 степен)
- 87 дипломирани студенти на Академски студии
- 35 дипломирани студенти на Професионални студии
- 39 дипломирани студенти на Интердисциплинарни студии

